Република Северна Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47-552-661

**Бр. 13**

**29.07.2022**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2022 година**

1.Ја објавувам Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2022 година донесена на 12-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.07.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-968/1** | **Општина Демир Хисар**
**29.07.2022година** | **Градоначалник**
**Демир Хисар** | **Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2022 година**

1.Ја објавувам Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2022 година донесена на 12-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.07.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-968/2** **Општина Демир Хисар**
**29.07.2022година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за формирање на Партиципативно тело за Урбанистичко Планирање на општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за формирање на Партиципативно тело за Урбанистичко Планирање на општина Демир Хисар донесена на 12-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.07.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-968/3 Општина Демир Хисар**
**29.07.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на РМ бр. 5/02) , член 46 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 32/2020 ) и член 43 точка 43 од Статутот на општина Демир Хисар (Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.2/2002, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14 , 10/19 и 7/21 ) , Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 27.07.2022 година, донесе :

**ОДЛУКА**

**За формирање на Партиципативно тело за Урбанистичко Планирање на општина Демир Хисар**

**Член 1**
Со оваа Одлука се формира Партиципативно тело за урбанистичко планирање на општина Демир Хисар, заради обезбедување на инклузивност , партиципативност и јавност во процесот на урбанистичко планирање на општина Демир Хисар.

**Член 2**
Партиципативното тело за урбанистичко планирање на општина Демир Хисар се состои од 14 члена.

**Член 3**
За членови на Партиципативното тело за урбанистичко планирање на општина Демир Хисар, се избираат:

1. **Аце Јанкуловски**
член на Советот на општина Демир Хисар
2. **Марина Димитријовска**
член на Советот на општина Демир Хисар
3.**Александра Трајковска**
Член на Советот на општина Демир Хисар
4. **Благоја Ристевски**
Стручно лице вработено во правното лице што изработува УП
5. **Соња Наумовска**
вработена во општина Демир Хисар
6. **Лилјана Најдовска**
член во Комисијата за урбанизам
7. **Анастасија Трајковска**
член во Комисијата за урбанизам
8.**Зоран Стевановски**
Претставник УЗ град Демир Хисар
9.**Зоран Ѓорѓиовски**
претседател МЗ с.Мургашево
10.**Рубин Митевски**
Претставник на МЗ с.Бараково
11.**Дејан Малушовски**
Претставник на МЗ с.Сопотница
12.**Зоран Кокиновски**
Претставник МЗ с.Смилево
13.**Ивица Гацовски**
Претставник МЗ с.Суводол
14.**Николче Велјановски**
Претставник на МЗ с.Кутретино

**Член 4**

Партиципативното тело за урбанистичко планирање на општина Демир Хисар ги претставува сите различни интереси и интересни групи во локалната заедница и ги пренесува ставовите , мислењата и потребите на граѓаните и правните лица , ги следи состобите во планирањето преку давање иницијативи , насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите ги разгледува планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

Бр.17-944/5 Совет на општина Демир Хисар
27.07.2022 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Деловник за работа на Партиципативно тело за Урбанистичко Планирање на општина Демир Хисар**

1.Го објавувам Деловникот за работа на Партиципативно тело за Урбанистичко Планирање на општина Демир Хисар донесен на 12-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.07.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-968/4 Општина Демир Хисар**
**29.07.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

**ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА НА ПАРТИЦИПАТИВНО ТЕЛО ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НАОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

2022 година

Врз основа на член 46 од Законот за урбанистичко планирање ( ‘’Службен весник на Република Северна Македонија’’, бр. 32/2020) и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар „Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.2/2002, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14 , 10/19 и 7/21), согласно член 22 од Законот за локална самоуправа (‘’Службен весник на Република Македонија’’ бр. 05/2002), Советот на Општина Демир Хисар на седница одржана на ден 27.07.2022 година, донесе:

Д Е Л О В Н И К
За работа на Партиципативно тело за урбанистичко планирање
на Општина Демир Хисар

1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1
Со овој Деловник поблиску се уредува организацијата, начинот на работа на Партиципативното тело и завршните одредби ( во понатамошниот текстПТ) опишан во член 46 од Законот за урбанистичко планирање( ‘’Службен весник на Република Северна Македонија’’, бр. 32/2020).

## 2.ЗАДАЧИ - НАДЛЕЖНОСТИ НА ПАРТИЦИПАТИВНОТО ТЕЛО

Партиципативно тело ги претставува сите различни интереси и интересни групи во локалната заедница и ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица,ги следи состојбите во планирањетопреку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите ги разгледува планските програми и плански решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија.
Партиципативното тело има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на урбанистички планови, ја разгледува планската пограма во фаза пред таа да му биде предложена на градоначалникот за одобрување, како и урбанистичкиот план во фаза на урбанистичко планско решение пред да биде дадено на стручна ревизија.
Партиципативното тело има право да расправа за политиките на просторен развој од надлежност на Општина Демир Хисар и може да влијае на планските решенија преку презентирање на своите мислења пред Советот на Општина Демир Хисар.

## 3.ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПАРТИЦИПАТИВНОТО ТЕЛО

**Член 2**

Партиципативното тело се состои од најмногу 20 членови. Како членови на Партиципативното тело се избираат:

- членови на Комисијата за урбанизам на Општина Демир Хисар, што ги одредува Градоначалникот
- стручни лица вработени во правното лице што го изработува урбанистичкиот план кој е предмет на расправа
- претставници на Советот на Општина Демир Хисар
- лица кои се претставници од урбаните и месните заедниципретставници на невладнините организации од различните сегменти на урбаниот живот
- здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на општината што ги претставуваат различните групи на граѓани
- како и граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и други стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на градот.

Членовите на ПТ од редот на Комисијата за урбанизам и членовите од редот на вработени во ЕЛС Општина Демир Хисар ги одредува Градоначалникот. Останатите членови се избираат од доброволно пријавените лица по јавен оглас објавен на веб страна на Општина Демир Хисар и во писмена форма со излагање на огласот на јавно место во траење од 30 дена.
Учеството на лицата вработени во единицата на локалната самоуправа во партиципативното тело е по службена должност, а на лицата што не се вработени во единицата на локалната самоуправа е на доброволна основа.

**Член 3**

Активностите на ПТ ги координира Претседател, кој се избира со мнозинство гласови од вкупниот број членови на ПТ, со јавно гласање.
Во отсуство на Претседателот, активностите на ПТ гикоординира заменик - Претседател.
Претседателот и Заменик-Претседателот се избираат со мнозинство гласови од членките на ПТ, а истите имаат мандат од четири години, со можност за реизбор.

**Член 4**

Претседателот на ПТ раководи со неговата работа, го претставува ПТ, се грижи за спроведување на одредбите од Деловникот, одлучува за одржување на седниците и врши други надлежности определени со Деловникот.
Во отсуство на Претседателот, сите наведени активности на ПТ ги координира Заменик-Претседател со истите права, должности и обврски како и Претседателот.

## 4. НАЧИН НА РАБОТА НА ПАРТИЦИПАТИВНОТО ТЕЛО

**Член5**

ПТ се состанува најмалку еднаш на два месеци по пат на меѓусебен договор на членовите.
Сите членови на ПТ можат да поднесат Иницијатива за одржување на седниците, заради решавање на итни проблеми кои се соочуваат членките на ПТ. Иницијативата може да се поднесе до Претседателот на ПТ.
Местото за одржување на седниците е во салата на Советот на Општина Демир Хисар.
Работата на партиципативното тело е јавна.

**Член6**

Претседателот на ПТ по електронски пат или телефонски ги известува членовите за времето и местото на одржување на седницата и тоа најдоцна три дена пред неговото одржување.
За одржување на состанокот се доставуваат и матерјалите за дневниот ред во електронска форма.

**Член7**

Седницата на ПТ се одржува доколку има кворум, односно се присутни повеќе од половината од сите членки на ПТ. Односно ПТ може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови.
Учесниците на состанокот го најавуваат своето присуство кај Претседателот. Претседателот на почетокот на состанокот го утврдува кворумот за работа на ПТ.

**Член8**

ПТ може полноправно да одлучува ако наседницата е утврдено присуство од повеќе од половина од членовите на Партиципативното тело.
ПТ одлуките ги носи со јавно гласање „за" или „против". Одлуката се смета за донесена ако мнозинство од вкупниот број на присутни членови гласале ''за''.
Одлуките се задолжителни за членките.
На седниците можат да присуствуаат и учествуваат во работата Градоначалникот и Претседателот на Советот, без право на одлучување.

**Член9**

За текот на работата на ПТ се води записник.
Седниците на ПТ се снимаат тонски.
Записникот ги содржи основните податоци за работата на состанокот, список на присутни лица, дискусии поточки од дневниотред, донесените заклучоци и одлуки, како и резултатите од гласањето.
Записникот се доставува до членовите заедно со поканата за наредниот состанок.

**Член 10**

Записникот се усвојува на почетокот на наредниот состанок.
При усвојувањето на записникот, секој претставник има право да стави забелешки на записникот. За забелешките кои ќе се усвојат се прави исправка на записникот.

Записникот кој е усвоен го потпишува Претседателот на Партиципативното тело, или во негово отсуство Заменик-Претседателот.

## 5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 11**

Изменување и дополнување на овој деловник ќе се врши на истиот начин и постапка според кои се донесува.
Измени и дополнувања на Деловникот на Партиципативното тело за урбанистичко планирање можат да предложат членовите на Советот и работните тела на Советот.

**Член 12**

Овој Деловник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавен во "Службен гласник на Општина Демир Хисар".

Бр.17-944/6 Совет на општина Демир Хисар
27.07.2022 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за избор на членови на Иницијативен одбор за формирање на Локално собрание на млади на Општина Демри Хисар**

1.Го објавувам Решението за избор на членови на Иницијативен одбор за формирање на Локално собрание на млади на Општина Демир Хисар донесено на 12-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.07.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-968/5 Општина Демир Хисар**
**29.07.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 и 48 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) , член 43 став 1 точка 43 и член 82-г од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 2/2002, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14 , 10/19 и 07/21), а во врска со член 17 од Законот за младинско учество и младински политики („Сл.весник на РСМ" бр.10/20), Претседателот на Советот на Општина Демир Хисар го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на членови на Иницијативен одбор за формирање на Локално собрание на млади на Општина Демри Хисар**

1.Се формира Иницијативен одбор за конституирање на Локалното собрание на млади на Општина Демир Хисар. За членови на Иницијативниот одбор се избрани:
**-Михаил Стевковски**
**-Фросина Трпчевска**
**-Милко Тренчевски**
**-Христијан Тасески**
**-Цвете Христовска**

2. Иницијативниот одбор е неформална група која има за цел да се консултираат младите и да се застапат нивните интереси во формирањето на Локалното собрание на млади. Бројот на членови во Иницијативниот одбор е пет и единствено тие членови имаат за задача да го формираат Локалното собрание на млади. Времетраењето на иницијативниот одбор е краткорочно и завршува со конституирањето на Локалното собрание на млади. Со конститутивната седница на Локалното собрание претседава најстариот член на Инивијативниот одбор кој доаѓа од редот на младинските организации. Работата на истото се координира и помага од службеникот за млади во Општина Демир Хисар.

3. Иницијативниот одбор во својата работа е должен да ги почитува Законот за младинско учество и младински политики (" Службен Весник на РСМ бр.10/20) и Статутот на Општина Демир Хисар ("Службен Гласник на Општина Демир Хисар бр . 2/2002, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14 , 10/19 и 7/21).
4. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Бр.17-944/7 Совет на општина Демир Хисар
27.07.2022 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на ОДЛУКА за отпочнување на постапка за донесување на Урбанистички план вон населено место за изградба на Е1.13-фотоволтаични електрани со капацитет до 10 MW во КО Суво Грло, Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за отпочнување на постапка за донесување на Урбанистички планови вон населено место за изградба на Е1.13-фотоволтаични електрани со капацитет до 10 MW во КО Суво Грло, Општина Демир Хисар донесена на 12-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.07.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-968/6 Општина Демир Хисар**
**29.07.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 39, став 5 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.32/20), член 22 став 1 точка 1 и точка 2 (Сл. весник на РМ бр.5/02), член 15 и член 43 од Статутот на општина Демир Хисар ( Сл.гласник на општина Демир Хисар бр.2/2002, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14 , 10/19 и 07/21), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 27.07.2022 год. донесе

**ОДЛУКА**
**за отпочнување на постапка за донесување на Урбанистички план вон населено место за изградба на Е1.13-фотоволтаични електрани со капацитет до 10 MW во КО Суво Грло, Општина Демир Хисар**

**Член 1**

СЕ ОТПОЧНУВА постапка за пристапување кон донесување на Урбанистички план вон населено место за изградба на Е1.13- фотоволтаични електрани наКП 359, КП 360, КП 361, КП 362, КП 364, КП 365, КП 366, КП 574, КП 577, КП 578, КП 579, КП 580, КП 581, КП 583/1, КП 583/2, КП 584, КП 585, КП 586, КП 587, КП 588, КП 589, КП 590, КП 592, КП 593, КП 594, КП 597, КП 598, КП 600 иКП 601, КО Суво Грло, Општина Демир Хисар .

Опфатот на вака предложениот УПВНМ е со големина од 92.263 м$^2$.

Барањето-Иницијативата за изработка на УПВНМ е од страна на инвеститорот Бранислав Трпчески, со адреса ул.„Вангел Николоски" бр.20, Охрид.

Урбанистичкиот проект ќе се изработува врз основа на член 16 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20) и член 43 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.225/20, 20219/21 и 204/22).

**Член 2**

Финансирањето и целокупните трошоци за изработката на Урбанистичкиот план вон населено место од член 1 на оваа Одлука ќе бидат на товар на инвеститорот.

**Член 3**

Составен дел на оваа Одлука е Записникот за прифаќање на иницијативата изготвен од страна на Комисијата за урбанизам со бр.11-962/2 од 26.07.2022 и Предлог Одлуката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13- фотоволтаична електрана донесена од страна на Градоначалникот на општина Демир Хисар со бр.11-962/3 од 26.07.2022 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар

Бр.17-944/8 Совет на општина Демир Хисар
27.07.2022 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на ОДЛУКА за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.8- водови за пренос на електрична енергија на КП бр.461/1 и, КП бр.2067, КО Прибилци и КП бр.4022, КП бр.4009, КП бр.5108 и КП бр.5068 за КО Сопотница, Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.8- водови за пренос на електрична енергија на КП бр.461/1 и, КП бр.2067, КО Прибилци и КП бр.4022, КП бр.4009, КП бр.5108 и КП бр.5068 за КО Сопотница, Општина Демир Хисар донесена на 12-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.07.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-968/7 Општина Демир Хисар**
**29.07.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 39, став 5 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.32/20), член 22 став 1 точка 1 и точка 2 (Сл. весник на РМ бр.5/02), член 15 и член 43 од Статутот на општина Демир Хисар ( Сл.гласник на општина Демир Хисар бр.2/2002, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14 , 10/19 и 07/21), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 27.07.2022 год. донесе

**ОДЛУКА**
**за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.8- водови за пренос на електрична енергија на КП бр.461/1 и, КП бр.2067, КО Прибилци и КП бр.4022, КП бр.4009, КП бр.5108 и КП бр.5068 за КО Сопотница, Општина Демир Хисар**

**Член 1**
Да се отпочне постапка за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.8- водови за пренос на електрична енергија на КП бр.461/1 и, КП бр.2067, КО Прибилци и КП бр.4022, КП бр.4009, КП бр.5108 и КП бр.5068 за КО Сопотница, Општина Демир Хисар.

Барањето-Иницијативата за изработка на Урбанистички проект е од страна на инвеститорот Зоран Саботковски, со адреса ул.„Вангел Мајоро" бр.8-А, Битола

Целта за изработка на Урбанистички проект е формирање на градежна парцела со намена Е1.8- водови за пренос на електрична енергија.

Урбанистичкиот проект ќе се изработува врз основа на член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/200).

Целокупните трошоци за изработка на Урбанистичкиот проект ќе бидат финансирани од подносителот на иницијативата.

Согласно Законот за урбанистичко планирање, прифатената иницијатива Комисијата за урбанизам му ја поднесува на градоначалникот, а тој ја предлага на Советот на општината за да биде вградена во годишната програма за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**
Составен дел на оваа Одлука е Записникот за прифаќање на иницијативата изготвен од страна на Комисијата за урбанизам со бр.11-583/2 од 26.07.2022 и Предлог Одлуката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.8- водови за пренос на електрична енергија, донесена од страна на Градоначалникот на општина Демир Хисар со бр.11-583/3 од 26.07.2022 година.

**Член 3**
Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар

Бр.17-944/9 Совет на општина Демир Хисар
27.07.2022 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на ОДЛУКА з*а изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2022година***

1.Ја објавувам Одлуката за изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2022година донесена на 12-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.07.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-968/8 Општина Демир Хисар**
**29.07.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 40, став 1 и став 2 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.32/20), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 27.07.2022 год. донесе

**О Д Л У К А**
***За изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2022год.***

**Член 1**
Во член 1 после точка 2 се додава нова точка „Урбанистички план вон населено место”. Во точката „Урбанистички план вон населено место” се додава следната точка:

1.Да се отпочне постапка за донесување на Урбанистички план вон населено место за изградба на Е1.13- фотоволтаични електрани со капацитет до 10 MW во КО Суво Грло, Општина Демир Хисар. Иницијативата е поднесена од страна на инвеститорот Бранислав Трпчески, со адреса ул.Вангел Николоски” бр.20, Охрид. Целокупните трошоци за финансирање на изработката на Урбанистичкиот План ќе бидат финансирани од страна на подносителот на иницијативата.

**Член 2**
Во членот 1, во точка 4 која се однесува на изработка на Урбанистички проекти, се додаваат 2 нови точки кои гласат:
1. Да се отпочне постапка за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.8- водови за пренос на електрична енергија на КП бр.461/1 и, КП бр.2067, КО Прибилци и КП бр.4022, КП бр.4009, КП бр.5108 и КП бр.5068 за КО Сопотница, Општина Демир Хисар. Барањето е поднесено од страна на инвеститорот Зоран Саботковски, со адреса ул.,,Вангел Мајоро” бр.8-А, Битола. Целокупните трошоци за финансирање на изработката на Урбанистичкиот Проект ќе бидат финансирани од страна на подносителот на иницијативата.

2. Да се отпочне постапка за изработка на Урбанистички проект за село за формирање на градежна парцела со намена Г3.7- електрани на биогориво на КП 530, КП 531 и КП бр.532, КО Суво Грло, Општина Демир Хисар. Барањето е поднесено од страна на инвеститорот ЕН ЦИ с.Злести-Белчишта. Целокупните трошоци за финансирање на изработката на Урбанистичкиот Проект ќе бидат

финансирани од страна на подносителот на иницијативата.

**Член 3**

Измените на Програмата за урбанистички планови за 2022год. за општина Демир Хисар влегуваат во сила со денот на донесување, а ќе се објават во Службен весник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-944/10 Совет на општина Демир Хисар
27.07.2022 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на ОДЛУКА за ставање вон сила Одлуката за давање на користење и управување на Мултифункционалниот Центар во с.Слоештица бр. 17-809/2 од 05.08.2021 година**

1.Ја објавувам Одлуката за ставање вон сила Одлуката за давање на користење и управување на Мултифункционалниот Центар во с.Слоештица бр. 17-809/2 од 05.08.2021 година донесена на 12-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.07.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-968/9 Општина Демир Хисар**
**29.07.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 22, став 3 и став 5 ичлен36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 05/2002 година), член 43 став 1 точка 10 од Статутот на општина Демир Хисар, Советот на општинаДемир Хисар на седницата одржана на ден 27.07.2022 ја донесува селедната

**ОДЛУКА**
**За ставање вон сила Одлуката за давање на користење и управување на Мултифункционалниот Центар во с.Слоештица бр. 17-809/2 од 05.08.2021 година**

**Член 1**

Се става вон сила Одлука за давање на користење и управување на Мултифункционалниот Центар во с.Слоештица заведена под бр. 17-809/2 донесена на седница на Совет на Општина Демир Хисар на 05.08.2021 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

Бр.17-944/11 Совет на општина Демир Хисар
27.07.2022 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на ОДЛУКА за овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар за спроведување**

**постапка за давање на користење и управување на Мултифункционалниот Центар во с.Слоештица**

1.Ја објавувам Одлуката за овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар за спроведување постапка за давање на користење и управување на Мултифункционалниот Центар во с.Слоештица донесена на 12-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.07.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-968/10 Општина Демир Хисар**
**29.07.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 22, став 3 и став 5 ичлен36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 05/2002 година), член 43 став 1 точка 10 од Статутот на општина Демир Хисар, Советот на општинаДемир Хисар на седницата одржана на ден 27.07.2022 ја донесува селедната

**ОДЛУКА**
**За овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар за спроведување постапка за давање на користење и управување на Мултифункционалниот Центар во с.Слоештица**

**Член 1**

Со цел поттикнување на развојот на руралниот туризам и зачувување на културно-историските вредности на Демир Хисар, а во насока на остварување на своите надлежности како и целите на Проектот „Откривање на скриените атракции“ финансиран од ЕУ во рамките на ИПА Програмата за прекугранична соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија,бр.на Договор 2019/411-175, Совет на Општина Демир Хисар ја донесува оваа Одлука за овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар за спроведување постапка за давање на користење и управување на Мултифункционалниот Центар во с.Слоештица

**Член 2**

Поднесените пријави ќе ги разгледа Комисијата за општествени дејности, која ќе достави предлог до Советот на Општина Демир Хисар.

Посебна Одлука за давање на користење и управување на Мултифункционалниот Центар во с.Слоештица ќе донесе Советот на Општина Демир Хисар.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

Бр.17-944/12 Совет на општина Демир Хисар
27.07.2022 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на ОДЛУКА за прифаќање на писмо за намери бр.133-03/22 од Р-ВЕЈ ДООЕЛ Скопје**

1.Ја објавувам ОДЛУКА за прифаќање на писмо за намери бр.133-03/22 од Р-ВЕЈ ДООЕЛ Скопје донесена на 12-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.07.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-968/11 Општина Демир Хисар**
**29.07.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија бр.2/05) и член 43 точка 42 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл.гласник на општина Демир Хисар бр.03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14 и 10/19), Советот на Општина Демир Хисар на Демир Хисар седница одржана на ден 27.07.2022 година донесе

**О Д Л У К А**
за прифаќање на писмо за намери бр.133-03/22 од Р-ВЕЈ ДООЕЛ Скопје

Член 1
Со оваа одлука се врши прифаќање на писмо за намери во врска со консултантски услуги за привлекување на инвестиции и размена на искуства за развој на општина Демир Хисар, бр.133-03/22 поднесено од Р-ВЕЈ ДООЕЛ Скопје.

Член 2
Деталите за соработката како и правата и обврските на компанијата и општина Демир Хисар ќе се дефинираат во Меморандум за разбирање и договор за соработка кои ќе се потпишат пред почеток на реализација на наведените активности.

Член 3
Писмото за намери во врска со консултантски услуги за привлекување на инвестиции и размена на искуства за развој на општина Демир Хисар, бр.133-03/22 поднесено од Р-ВЕЈ ДООЕЛ Скопје, е составен дел на оваа одлука.

Член 4
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и истата ќе биде објавена во Службен гласник на општина Демир Хисар.

Бр. 17-944/13 Совет на Општина Демир Хисар
27.07.2022 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на ОДЛУКА за одобрување на финансиски средства на Благоја Шундовски од Демир Хисар**

1.Ја објавувам ОДЛУКА за одобрување на финансиски средства на Благоја Шундовски од Демир Хисар донесена на 12-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.07.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-968/12 Општина Демир Хисар**
**29.07.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 43 точка 42 од Статутот на општна Демир Хисар (Сл.гласник на општина Демир Хисар бр.03/05,4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија бр.5/02) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 27.07.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
за одобрување на финансиски средства на Благоја Шундовски од Демир Хисар

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува финансиски средства на Благоја Шундовски од Демир Хисар, во износ од 45.000,оо денари.

Член 2

Благоја Шундовски од Демир Хисар поднесе барање до Советот на општина Демир Хисар бр.17-924/1 од 19.07.2022 година за одобрување на финансиски средства донација за промоција на романтизираната монографска публикација „БИСЕРНИ ГОДИНИ-ЕСТРАДНИ МАКИ ГОЛЕМИ“ посветена на 40 годишната опстојба на Група „Бисер“ од Демир Хисар.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и истата ќе биде објавена во Службен гласник на општина Демир Хисар.

Бр.17-944/14 Совет на општина Демир Хисар
27.07.2022 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

-----------------------------------------------------

СОДРЖИНА

1.Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2022 година---------------------------------------------1
2.Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Демир Хисар за 2022 година-------------------------------------------2
3.Одлука за формирање на Партиципативно тело за Урбанистичко планирање на Општина Демир Хисар-------------------------------------3-4
4.Деловник за работа на Партиципативното тело за Урбанистичко планирање на Општина Демир Хисар--------------------------------------------4-6
5.Решение за избор на членови на Иницијативен одбор за формирање на Локално собрание на млади на Општина Демир Хисар--------------7
6.Одлука за отпочнување на постапка за донесување на Урбанистички план вон населено место за изградба на Е1.13- фотоволтаични електрани со капацитет до 10 MW во КО Суво Грло, Општина Демир Хисар-----------------8
**7.**Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.8- водови за пренос на електрична енергија на КП бр.461/1 и, КП бр.2067, КО Прибилци и КП бр.4022, КП бр.4009, КП бр.5108 и КП бр.5068 за КО Сопотница, Општина Демир Хисар-----------9-10
8.Одлука за изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2022година-------------------------10-11
9.Одлука за ставање вон сила Одлуката за давање на користење на Мултифункционалниот Центар во с.Слоештица бр.17-809/2 од 05.08.2021 година-------------11
10.Одлука за овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар за спроведување постапка за давање на користење и управување на Мултифункционалниот Центар во с.Слоештица-------------------------------------12
11.Одлука за прифаќање на намери од компанијата Р-ВЕЈ ДООЕЛ Скопје и склучување на договор за изработка на студија за Општински развој- скрининг (изработка на економски катастар на ресурси и потенцијали) на Општина Демир Хисар--------------------13
12.Одлука за додобрување на финансиски средства на Благоја Шундовски од Демир Хисар-----------------------------------13-14

**Општина Демир Хисар, ул. Битолска бр.8**
**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Никола Најдовски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**